АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА –
ФОН СКОПЈЕ
Факултет за спортски менаџмент

# ИЗВЕШТАЈ

*за самоевалуација на*

# ФАКУЛТЕТОТ ЗА СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ

за академските 2018/`19; 2019/`20; 2020/`21 година

АУЕ – ФОН
Скопје, 2021 година

СОДРЖИНА

| | | |
|---|---|---|
| **01** | **ВОВЕД** | **5** |
| 1.1. | Правна основа на процесот на самоевалуација | 5 |
| 1.2. | Цели на самоевалуацијата | 5 |
| 1.3. | Начин на работа на Комисијата за самоевалуација | 5 |
| 1.4. | Позитивни елементи и тешкотии во процесот на самоевалуација | 6 |
| **02** | **МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ** | **7** |
| 2.1 | Мисија и цели на високообразовната установа | 7 |
| 2.2. | Стратегија за остварување на мисијата | 7 |
| 2.3. | Контролни механизми – програми и извештаи за работа | 7 |
| 2.4. | Промени кон подобар факултет | 7 |
| **03** | **ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ** | **9** |
| 3.1. | Историјат | 9 |
| 3.2. | Број на вработени – наставен и административен кадар | 9 |
| 3.3. | Број на студенти | 9 |
| 3.4. | Студиски програми на додипломски студии | 9 |
| 3.5. | Студиски програми на последипломски студии | 9 |
| 3.6. | Облици на континуирано образование | 9 |
| 3.7. | Местото на Факултетот во рамките на националното високо образование | 10 |
| 3.8. | Местото на Факултетот во рамките на меѓународното образование | 9 |
| **04** | **СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ** | **11** |
| 4.1. | Цели | 11 |
| 4.2. | Структура и содржина на програмата | 14 |
| 4.3. | Образовен систем и услови за негова реализација | 14 |
| 4.4. | Влезен потенцијал на студентите | 15 |
| 4.5. | Организација и искористување на академскиот кадар и ресурсите | 15 |
| 4.6. | Нивоа на успеси (SWOT анализа) | 16 |
| 4.7. | Квалитет на дипломирани студенти | 16 |
| 4.8. | Услови за реализација на образованието | 16 |
| 4.9. | Интернационален контекс на студиската програма | 16 |
| 4.10. | SWOT анализа за студиските и предметните програми | 16 |
| **05.** | **НАСТАВНО НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР** | **16** |
| 5.1 | Наставен кадар | 18 |
| 5.1.1. | Покриеност на наставните предмети со наставници | 18 |
| 5.1.2. | Наставно-научна компетентност на наставниците во односот на предметите што ги предаваат | 18 |
| 5.2. | Соработнички кадар | 18 |
| 5.3. | SWOT анализа за наставно-научниот и соработничкиот кадар | 18 |
| **06.** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **22** |
| 6.1. | Форми на наставно-образовниот процес | 22 |
| 6.2. | Начини, методи и технологии во наставно-образовниот процес | 22 |
| 6.3. | Покриеност на настава со надворешни соработници | 22 |
| 6.4. | Начини на проверка на знаењата | 22 |
| 6.5. | Дипломска работа | 22 |
| 6.6. | Вештини за кои студентот се оспособува во текот на студиите | 22 |
| 6.7. | Проодност на студентите од година во година според циклуси на високо образование (според табелите од студенски прашања) | 22 |
| 6.8. | SWOT анализа за наставно-образовната дејност | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| **07.** | **СТУДЕНТИ**<br>SWOT анализа за студентите | **24** |
| **08.** | **ЛОГИСТИКА**<br>(Коментар според елементите во упаството со посебен нагласок на поврзаноста на Библиотеката со други електронски библиотеки) | **25** |
| **09.** | **ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ**<br>Коментар според елементите во упатството | **26** |
| **10.** | **НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА** | **27** |
| 10.1. | Соработка со стопанство, со владини институции, со не-владини организации и со други асоцијации на национално ниво, а во контекст на мисијата, целите и задачите на установата | 27 |
| 10.2. | Учество во Европски и други програми | 27 |
| 10.3. | Вкупен број на проекти во последните 5 години | 27 |
| 10.4. | Размена на академски кадар со други академски центри во земјата и странство | 27 |
| 10.5. | Студентска размена со други академски центри во земјата и странство | 27 |
| 10.6. | Контакти со дипломираните студенти | 27 |
| 10.7. | Контакти со работодавците | 27 |
| 10.8. | Меѓународни проекти | 27 |
| 10.9. | Меѓународна димензија на студиските програми | 28 |
| 10.10. | Настава на странски јазици | 28 |
| 10.11. | Користење на странска литература | 28 |
| 10.12. | SWOT анализа за надворешната соработка | 28 |
| | Коментар според елементите во упаството | 28 |
| **11.** | **НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **29** |
| 11.1. | Број на публикации во последните пет години | 29 |
| 11.2. | Број на цитираност од други автори | 29 |
| 11.3. | Вкупен број пријавени проекти | 29 |
| 11.4. | Реализирани проекти во последните пет години | 29 |
| 11.5. | Учество на конференции, научни собири и семинари | 29 |
| 11.6. | Организирани научни собири | 29 |
| 11.7. | Гостување на странски предавачи | 29 |
| 11.8. | Поврзаност на истражувањата со регионалните и националните потреби | 29 |
| 11.9. | Награди на национално и меѓународно ниво | 29 |
| 11.10. | Издавачка дејност | 30 |
| 11.11.1. | Покриеност на студиските програми со учебници и учебни помагала | 30 |
| 11.11.2. | Постапка и запазеност на постапката за издавање на учебници | 30 |
| 11.11. | SWOT анализа за научно-истражувачката и издавачка дејност | 30 |
| **12.** | **ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА** | **31** |
| 12.1. | Интерно информирање на субјектите во наставно-образовниот процес и другите дејности на факултетот | 31 |
| 12.1.1. | Информираност на студентите преку сајтот на ФОН универзитетот, студентски информатор и календар за работа во учебната година | 31 |
| 12.2. | Екстерно информирање на јавноста | 31 |
| **13.** | **ФИНАНСИРАЊЕ**<br>(Коментар според елементите во упатството) | **32** |
| **14.** | **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР** | **32** |

| | | |
|---|---|---|
| **15** | **ПРЕПОРАКИ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ** | **32** |
| I. | Додипломски студии | 32 |
| II. | Последипломски студии | 32 |
| III. | Научно-истражувачка дејност | 32 |
| IV. | Надворешна соработка | 32 |
| V. | Финансирање | 32 |
| VI. | Односи со јавноста | 32 |

**ПРИЛОГ А Општо**

**ПРИЛОГ Б Наставници и соработници**

**ПРИЛОГ В Студенти**

**ПРИЛОГ Г Предавања**

**ПРИЛОГ Д Академски перформанси**


**Комисија за спроведување на процесот на самоевалуација:**

________________________________

Проф. д-р Тања Китановска Стојковска, претседател

________________________________

Проф. д-р Магдалена Дамјановска, член

________________________________

Проф. д-р Лиза Пантековска, член

# 01. ВОВЕД

## 1.1. Правна основа на процесот на самоевалуација

Врз основа на член 31 и член 67 од Законот за високо образование (по стариот Закон), Сенатот на Првиот Приватен ФОН Универзитет, на седницата одржана на 29.11.2007 г. усвои Правилник за самоевалуација на ФОН Универзитетот, кој е во согласност со Упатството за обезбедување и оценување на квалитетот на високо-образовните институции, донесено од Агенцијата за евалуација на високото образование на ден 11.07.2002 г. Овој Правилник ги утврдува основите за самоевалуација, методите и постапките за самоевалуација, членовите на Комисијата за самоевалуација, како и содржината и стандардите за подготовка на евалуациониот Извештај (по Факултети и на ниво на Универзитет).

## 1.2. Цели на самоевалуацијата

Со самоевалуацијата се врши процена на квалитетот на високообразовната дејност преку бројни експлицитни постапки за проценување, како и преку системот на оценување на квалитетот на академскиот кадар на Факултетот за спортски менаџмент (во понатамошниот текст ФСМ) при АУЕ ФОН Универзитетот.
Самоевалуацијата на Факултетот за спортски менаџмент ги има следните цели:

- Да утврди краток и содржаен приказ на Факултетот, наставно-образовниот процес, како и влијанието на научно-истражувачката работа врз осовременувањето на наставата.
- Да ги лоцира силните и слаби страни на Факултетот.
- Да обезбеди податоци за самоевалуацијата на ниво на Универзитет.
- Да обезбеди основа за извршување на надворешна евалуација од Агенцијата за евалуација на РМ.

## 1.3. Начин на работа на Комисијата за самоевалуација

Самоевалуација ја вршеше Комисија според условите утврдени во Статутот на Универзитетот и според Упатството на единствените основи за евалуација на Универзитетите, усвоено од Интеруниверзитетската конференција.

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент, одржана на 06.04.2017 г. беше избрана следната факултетска Комисија за самоевалуација:

- Доц. д-р Тања Китановска Стојковска, претседател
- Проф. д-р Магдалена Дамјановска, член
- Проф. д-р Лиза Пантековска, член

Комисијата работеше во согласност со одлуките на Централната (универзитетската) комисија, под раководство на лектор м-р. Зоран Механџиски.

Обврска на комисијата меѓу другото беше и создавање на завршен Извештај и таа беше поделена по членовите – по соодветни точки (студиски програми, научно-истражувачка работа, наставен кадар итн.).

Овој Извештај го опфаќа процесот на самоевалуација на Факултетот за спортски менаџмент од академските 2018/2019 година, 2019/2020 година и 2020/2021 година, двете последни специфични години во пандемиски услови.

## 1.4. Позитивни елементи и тешкотии во процесот на самоевалуација

Позитивен елемент на самоевалуацијата е тоа што преку неа се согледуваат сите моментални состојби на Факултетот за спортски менаџмент и се потенцираат добрите и лоши страни во неговото функционирање.
При реализација на процесот на самоевалуација се манифестираат следниве *позитивни страни*:

- Сериозност и ангажираност на сите вработени во правилното пополнување на анкетите и извршување на обврските кои им беа делегирани;

- Почитување на критериумите за избор во наставнички звања, се врши анкетирање на студентите и се добива повратна информација;
- Се дава придонес за афирмација на наставниците во земјата и странство. Со тоа се подига нивото и угледот на целиот Универзитет;
- Добра организираност во спроведувањето на процесот на самоевалуација;
- Создавање предуслови за креирање база на податоци и снимање на севкупната состојба на Факултетот;
- Висока кооперативност меѓу сите учесници во процесот на самоевалуација.

Во процесот на самоевалуација, факултетската комисија се сретна и со неколку потешкотии:

- Загриженост за компатибилноста на Извештаите со другите факултети и
- Широка опфатеност и големиот број на податоци и материјали за потребите на процесот, кои што не беа систематизирани согласно понудената методологија.

# 2. МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

## 2.1. Мисија и цели на високообразовната установа

Факултетот за спортски менаџмент едуцира високо квалитетен кадар преку додипломски и последипломски студии од областа на:

- спортот и физичкото образование и

- спортскиот менаџмент.

Целите на факултетот е овозможување комплетна образовна и научна средина во која се изведува современа и квалитетна настава како примарна цел за подготовката на студентите за успешна кариера, постдипломски студии и доживотно учење. Образовниот процес се изведува на современ начин преку практична настава во училишта и спортски објекти, спортски институции, задолжителни курсеви и теоретска настава со користење на современа технологија, овозможување на практично искуство на студентите, обновување на професионални вештини, размена на активности и знаења со други стручни лица од областа на спортот, физичкото образование, спортскиот менаџмент и маркетинг.

Студентите по спорт и физичко образование во текот на четиригодишните студии на Факултетот за спортски менаџмент стекнуваат компентенции за квалитетно водење на спортските активности во наставата од сите степени на образоавание и спортските организации во сите форми на дејствување (рекреативни здруженија, професионални и аматерски спортски клубови, национални спортски федерации и органи на државната управа во спортот).

Физичките активности и спортската дејност се крајно неопходни како елемент во здравиот начин на живот. Тие се моќно противдејсво на редица ризични фактори на природната и социјална средина. Оттаму расте и потребата за организиран систем на програмирана физичка активност, воден од поголем број на професионалци со соодветен степен на спортска академска едукација.

Квалитетното образование на дипломираниот професор по спорт и физичко образование е од посебно значење и кога станува збор за врвните достигнувања во спортот. Од друга страна, голем придонес во развој на спортот има и управувањето, кој е клучен фактор на соодветна организациска поставеност и непречен трансфер на информации и знаења. Факултетот за спортски менаџмент образува кадри кои покажуваат практични познавања од менаџирање со спортските објекти, федерации, клубови и организации. Професионалноста и експертизата во одредените дисциплини се главните цели на Факултетот за спортски менаџмент.

Менаџментот ја третира економијата во спортот, посветувајќи големо внимание на карактеристиките и вредностите на спортот во форма на бизнис. Во таа насока од посебно значење за праксата, но и научно-итражувачката работа е досегашната едукација на кадри од оваа област на нашиот факултет. Прегледот на моменталната состојба покажува дека потребата од ваков профил континуирано расте. Целта на студиската програма по спорт и спортски менаџмент е да овозможи современ и квалитетен процес на образование на идните студенти за перманентно научно, професионално и стручно нивно усовршување. На тој начин конструктивно ќе се поврзе физичкото воспитание, спортот и спортскиот менаџмент со општествената средина и свеста за потребата од ваквите кадри ќе биде на повисоко ниво.

Факултетот за спортски менаџмент е единствен од ваков вид во државата и покрај постоењето на државните факултети за физичка култура во Скопје и Тетово. Факултетот за спортски менаџмент се одликува со наставна програма, која е во согласност со современите трендови на поголем број на европски универзитети

## 2.2. Стратегија за остварување на мисијата

Стратегијата за остварување на мисијата на Факултетот за спортски менаџмент во својата суштина е заснована врз реалните состојби, можности и настојувањето на

Факултетот за натамошни креативни промени согласно со европските стандарди, развиена високообразовна и научна институција.

За реализација на поставените цели, Факултетот располага со квалитетен наставен кадар и во моментов има 5 професори од кои 2 од областа на кинезиологија, 2 од областа на спортскиот менаџмент и 1 од областа на спортски туризам. Исто така, за нашиот Факултет се значајни инфраструктурните ресурсни капацитети со најсовремени спортски објекти (сала за спортски игри, атлетска патека, базен, фитнес центар, лабораторија за физиологија и истражувања во спортот, компјутерска опрема).

Остварувањето на оваа стратегиска определба ќе значи поставување и реализирање на повеќе цели, што ќе ги збогатат и насочат активностите во поодделните сегменти на севкупното работење на Факултетот за спортски менаџмент и ФОН Универзитетот воопшто.

Стратегијата на Факултетот за спортски менаџмент се состои од следното:

- Постојано осовременување на наставната програма зависно од новите технолошки иновации;
- Постојано отворени за гостување на домашни и странски стручен кадар;
- Вклучување на студентите во разни научно – истражувачки проекти, со цел нивно директно вклучување и усовршување во истражувачката работа;
- Поврзување на истражувањата од спортот со другите научни области;
- Изготвување на заеднички меѓународни проекти со други факултети од други држави;
- Опремување на Факултетот со најсовремена апаратура за истражување во спортот;
- Постојано збогатување на стручната литература;
- Брзо прилагодување и прифаќање на новите сознанија, новите технологии и нивно инкорпорирање во наставната програма.

## 2.3. Контролни механизми – програми и извештаи за работа

Со нормативните акти на Факултетот за спортски менаџмент, а согласно Законот за високото образование, јасно се прецизирани надлежните и одговорните субјекти во процесот на управување и функционирање на Факултетот. Тоа обезбедува организација на работата којашто дава повратен одговор за степенот на реализација на поодделни задачи и одговорности. Во овој процес клучна е улогата на Деканот на Факултетот кој што ја насочува, координира и следи реализацијата при извршувањето на поставените цели и задачи на Факултетот, а за што е одговорен пред Наставно-научниот совет, ФОН Универзитетот и Министерството за образование и наука.

Факултетот прави крупни и конкретни напори во насока на подобра организација и поголема одговорност во реализацијата на наставно-образовниот процес.

Конкретно, воспоставени се процедури и механизми коишто овозможуваат следење и контрола на реализацијата на поставените цели и задачи, преку:

- изработка на Програма за работа на Деканот и поднесување Извештај за степенот на нејзината реализација;
- изработка на Годишен Извештај за работа на наставниците и соработниците за извршување на тековните обврски како и континуирано следење на постигнатиот успех на студентите, со што е воспоставен соодветен систем на информирање и координирање на активностите.

Овој систем на повратно информирање забрзано ќе се развива и усовршува преку механизми што максимално ќе ја зголемат одговорноста и контролата во извршувањето на работните задачи.

## 2.4. Промени кон подобар Факултет

Факултетот се стреми кон остварување на повисоки развојни цели и тој процес е постојана грижа на сите негови вработени. Овој процес во себе инкорпорира

континуирани промени во сите сегменти на организацијата и работењето на Факултетот за спортски менаџмент, и тоа:

- постојана грижа за постојните студиски и предметни програми на додипломските и последипломски студии;
- континуирано се следи организацијата на наставата и вежбите и изведувањето на испитите преку доследно почитување на распоредите, организирање на работа во помали групи и сл.
- изработена е и усвоена стратегија за развојот на соработката меѓу АУЕ ФОН Универзитетот и органите и институциите од државниот и од приватниот сектор во повеќе сегменти, а врз основа на заедничката потреба и интерес за оваа соработка.

Во наредниот период ќе се интензивира и продлабочи процесот на промени во насока на што побрзо и поуспешно остварување на дефинираните стратегиски правци на развојот на Факултетот за спортски менаџмент што на крајот на Извештајот за самоевалуација ќе бидат презентирани конкретни препораки и корективни мерки.

# 3. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ

## 3.1. Историјат

Факултетот како дел од АУЕ ФОН Универзитетот е акредитиран во јуни 2007 г. како Факултет за спорт и спортски менаџмент. Во текот на јуни 2007 г. заседаваше Матичната комисија на Факултетот, а првиот Наставно-научен совет е одржан во октомври 2007 година. Конкурс за упис на студенти во прва студиска година е распишан во јуни 2007 год. Со настава Факултетот за спорт и спортски менаџмент започна да работи од октомври 2007 година.

Според Решението на одборот за акредитација од 19.06.2009 год. и одлуката од Управниот одбор на Универзитетот, на ден 11.06.2009 год. Факултетот за спорт и спортски менаџмент се преименува во Факултет за спортски менаџмент, со единствена наставна програма од областа на спортскиот менаџмент, која започна со реализација во октомври 2009 година. Во 2011 год. акредитирана е нова тригодишна наставна програма на Факултетот за спортски менаџмент, во која програма доминантно место имаат економските предмети. Наставната програма е активна од 2012 година.

Последната програма на ФСМ за прв и за втор циклус на студии е акредитирана на 09.06.2017 година и започнува со реализирање од септември во академската 2017/2018 година. Називот на студиската програма е „Спорт и спортски менаџмент“ и содржи два модули: „Спортски менаџмент“ и „Спорт и физичко образование“.

Називот на Студиските програми на Факултетот за спортски менаџмент за втор циклус на студии се: „Магистерски студии по Спортски менаџмент“ и „Магистерски студии по Спорт и физичко образование“.

## 3.2. Број на вработени - наставен и административен кадар

Во табела бр. 1 е даден бројот на вработениот наставен кадар при Факултетот за спортски менаџмент и тоа дистрибуција според звање, работен однос, според пол и според возраст.

Табела 1.

| Возраст / | Редовни Пол | | Вонредни Пол | | Доценти Пол | | Работен однос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| 25-35 | | | | | | | |
| 36-45 | | | | 2 | | | 2 – редовен работен однос |
| 46-55 | 1 | | | 1 | | | 2 – редовен работен однос |
| 56-65 | | | | | | | 1 – редовен работен однос |
| 66-75 | | 1 | | | | | |

Факултетот за спортски менаџмент наставно-образовната дејност ја спроведува со 5 (пет) вработени во редовен работен однос и тоа: двајца редовни професори и тројца вонредни професори, а исто така во изминатиот период ангажира и 10 професори од други факултети на АУЕ ФОН Универзитетот.

На Факултетот нема вработен административен кадар, односно се користи административниот кадар на ниво на АУЕ ФОН Универзитет.

## 3.3. Број на студенти

Број на студенти на Факултетот за спортски менаџмент во академските 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021 (табела. 2.):

Табела 2.

| **Циклус и модули од 2018 – до 2021** | **Број Вкупно** |
|---|---|
| Прв циклус спортски менаџмент 2018/2019 | 23 |
| Втор циклус-специјалистички спортски менаџмент 2018/`19 | 6 |
| Магистерски студии по спортски менаџмент 2018/19 | 4 |
| Прв циклус Спортски менаџмент 2019/2020 | 14 |

| | |
|---|---|
| Втор циклус –специјалистички спортски менаџмент 2019/`20 | 1 |
| Магистерски студии по спортски менаџмент 2019/`20 | 2 |
| Прв циклус Спортски менаџмент 2020/2021 | 20 |
| Втор циклус- специјалистички спортски менаџмент 2020/`21 | 3 |
| Магистерски студии - Спорт и спортски менаџмент 2020/2021 | / |

### 3.4. Студиска програма на додипломски студии

Факултетот за спорт и спортски менаџмент во учебната 2007/2008 година организираше настава прва година на македонски јазик.

Со новата акредитација, наставата на Факултетот за спортски менаџмент со прва година започна во септември 2009/2010 год. Студиската програма акредитирана за Факултетот за спортски менаџмент во 2012 год. е целосно укината, а продолжи со работа најновата акредитирана програма по спорт и спортски менаџмент на Факултетот за спортски менаџмент од септември 2017 година.

### 3.5. Студиска програма на последипломски студии

Последипломските студии од октомври 2012 до октомври 2016 уписна академска се организирани по една програма од областа на спортскиот менаџмент, додека од академската 2017/2018 започна упис по ново акредитираната програма во две насоки и тоа:

1. **Спортски менаџмент** (за потребите на спортските организации, спортските клубови, спортските федерации, отворените и затворените спортски објекти и др.).
2. **Спорт и физичко образование (**за дообразување на профил спортски педагог, професор по физичко воспитување, спорт и спортски активности во сите степени на образование).

### 3.6. Облици на континуирано образование

Континуираната едукација на дипломираните студенти од Факултетот за спортски менаџмент се потврдува и со акредитираните две насоки на последипломски студии.

### 3.7. Местото на Факултетот во рамките на националното високо образование

Високото образование во Република Македонија ги вклучува сите академски форми за продолжување на едукацијата на завршените средношколци.
На Универзитетот АУЕ - ФОН работат и организираат настава вкупно 9 факултети во Скопје, со дисперзирани оделенија во Струга и Струмица. Еден од нив е Факултетот за спортски менаџмент.

По профилите за кои има добиено акредитација, ФСМ е единствениот на национално ниво кој што има додипломски тригодишни (по старата програма) и додиплоски четиригодишни (по новата програма) студии за Спортски менаџмнет.

### 3.8. Местото на Факултетот во рамките на меѓународното образование

АУЕ - ФОН Универзитетот со неговите матични Факултети има воспоставено меѓународна соработка со многу високо образовни институции, и тоа:
Алијансата на универзитети на Централна и Источна Европа; International Universities Council – IUC; Euro-Mediterranean University (EMUNI University); Државниот Универзитет во Ниш, Република Србија; GIUGIARO Architettura од Милано, Италија; Girne American University, North Cyprus; Државниот Универзитетот од Сарагоса, Шпанија; Институтот за европски интернационални студии во Ница, Франција; Универзитетот за економија и технологии ТОББ од Анкара; Универзитетот "Александар Мојсиу" од Драч Албанија; Интернационалниот универзитет во Травник, Босна и Херцеговина; Бизнис академија од Нови Сад, Србија; Универзитетот во

Сараево, Босна и Херцеговина; Државниот Технички Универзитет од Габрово, Република Бугарија; Универзитетот во Нови Пазар, Србија; Државен Руски Универзитет за туризам и услуги од Москва, Русија; Yildiz Technical University од Истанбул, Турција; Британски совет во Македонија; Kiit University, Bhubaneswar, Индија; Бургас слободен универзитет, Бугарија; Ататурк Универзитет, Ерзурум, Турција; Kyiv University of Law, Украина; Универзитетот Булент Еџевит од Зонгулдак, Република Турција; Универзитет Доња Горица,Подгорица; Европски колеџ Јуридика,Приштина; Polidesing Consorzio del Politecnico di Milano; Uluslararasi avrasya egitim sendikalari birligy (UAESEB),Türkiye Kamu-Sen; Izmir Katip Celebi Universitesi (Mevlana Exchange Programme); Европски Универзитет Брчко Дистрикт, Босна и Херцеговина и т.н.

Во рамките на оваа соработка се превземаат различни активности, како што се: размена на професори и студенти, размена на литература, организација и заедничко учество на научни собири и слично.

Студиската програма на Факултетот за спортски менаџмент при АУЕ ФОН Универзитет е направена согласно поставените регулативи и стандарди на Еропската рамка на кфаликфикации (ISCO класификација), кои ги има прифатено Р. Македонија.

Компатибилноста со одредени Универзитети од Шангајската листа рангирани во првите 100, односно со Факултетите кои имаат програми по спортски менаџмент и програми по спорт и физичко образование, а се рангирани како најдобри во областа. Предметната поставеност на програмата и во двата модили на Факултетот за спортски менаџмент, не отстапува од меѓународната тенденција за образување на профили во областите за кои тие модули се наменети. Студнтите на тој начин се стекнуваат со знаења кои се во чекор со современите и им овозможува лесен трансфер на други европски и светски образовни институции.

# 4. СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ

## ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ

### 4.1. Цели

Студиската програма за спортски менаџмент од 2012 година на прв циклус на студии беше тригодишна со траење од шест семестри, додека на втор циклус по принципот 1+1, што значи едногодишна програма со траење од два семестри на специјалистички студии по спортски менаџмент и една година со траење од два семестри магистерски студии по спортски менаџмент. Од 2017 година програмата за додипломските студии во која се опфатени два модули е четиригодишна со траење од осум семстри, додека на втор циклус студиските програми се едногодишни во траење од два семестри и има две насоки.

Целта на овие студии е едуцирање на стручни кадри од областа на физичкото образование, спортот и спортскиот менаџмент, при што, низ студиските програми, е воспоставен спој меѓу дисциплините кои што нудат основни знаења, од една страна и стручни и специјализирани знаења, кои што го дефинираат конкретниот профил на едуцираниот кадар, од друга страна.

Академските цели, при креирањето и реализацијата на студиските програми, се насочени кон потребите на државните и приватните органи, јавните училишни институции и административни установи од областа на спортот и спортскиот менаџмент во Република Македонија, се разбира од аспект на нивната апсорпциска моќ.

Професионалните цели се пред се студентите да се стекнат со знаења и стручни вештини од областите (модулите) во кои ќе се специјализираат и ќе бидат конкурентни на нашиот и меѓународен спортски пазар на трудот.

Со целосно реализирана студиска програма од 2017 година прв циклус, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и се здобива со (стручно) звање:

1. ДИПЛОМИРАН СПОРТСКИ МЕНАЏЕР или
2. ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Со целосно реализирана едногодишна студиска програма на втор циклус и стекнати вкупно 300 ЕКТС студентот се здобива со (научно) звање:

1. МАГИСТЕР ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ
2. МАГИСТЕР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

**СТУДИСКА ПРОГРАМА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ**
**акредитирана во 2017 година**

**Студиска програма на прв циклус на студии: спорт и спортски менџмент**

I Година – прв семестар ОПШТА

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| SPR1101 | Спорт и општество | 2+3 | 75 | 8 | 240 |
| SMG1102 | Вовед во спортскиот менаџмент | 2+3 | 75 | 8 | 240 |
| SPR1103 | Танцови активности | 2+3 | 75 | 8 | 240 |
| | **Изборни – 1 од наведените** | | | | |
| SPR1104 | Вовед во кинезиологија | 2+2 | 60 | 3 | 90 |
| SAJ1101 | Јазик (англиски/француски/германски/шпански) | 0+3 | 45 | 3 | 90 |
| | **Универзитетски – 1 од наведените** | | | | |
| | Изборен предмет од сите универзитетски или од универзитетска листа Група 1 | 2/4 | 30/60 | Мин.3 | Мин.90 |
| Вкупно | | 20-22 | 300-330 | Мин.30 | Мин.900 |

Втор семестар

| КОД | ПРЕДМЕТ | Часови неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптова рување |
|---|---|---|---|---|---|
| SMG1201 | Управување на спортот во образованието | 3+3 | 90 | 9 | 270 |
| SPR1202 | Антропомоторика | 2+4 | 90 | 9 | 270 |
| | **Изборни – 1 од наведените** | | | | |
| SPR1203 | Олимпизам | 3+3 | 90 | 9 | 270 |
| SMG1204 | Управување со спортски игри | 3+3 | 90 | 9 | 270 |
| | **Универзитетски – 1 од наведените** | | | | |
| | Изборен предмет од сите универзитетски или од универзитетска листа Група 2 | 2/4 | 30/60 | Мин.3 | Мин.90 |
| Вкупно | | 26/28 | 300-330 | Мин.3 0 | Мин.90 0 |

II година – Трети семестар ОПШТА

| КОД | ПРЕДМЕТ | Часови неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптова рување |
|---|---|---|---|---|---|
| STU2101 | Основи на спортски туризам | 2+3 | 75 | 7 | 210 |
| SPR2102 | Комуникологија во спортот | 2+3 | 75 | 7 | 210 |
| SPR2103 | Пливање со ватерполо | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| | **Изборни – 1 од наведените** | | | | |
| SPR2104 | Медиуми и спорт | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| UIT2101 | Информатички технологии во спортот | 1+2 | 45 | 5 | 150 |
| | **Универзитетски – 1 од наведените** | | | | |
| | Изборен предмет од сите универзитетски или од универзитетска листа Група 1 | 2/4 | 30/60 | Мин.3 | Мин.90 |
| Вкупно | | 21-23 | 315-345 | Мин.3 0 | Мин.90 0 |

Четврти семестар

| КОД | ПРЕДМЕТ | Часови неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптова рување |
|---|---|---|---|---|---|
| SPR2201 | Спортска психологија | 2+3 | 75 | 7 | 210 |
| SPR2202 | Вовед во спортска анализа | 2+3 | 75 | 7 | 210 |
| SMR2203 | Спортски маркетинг | 2+3 | 75 | 7 | 210 |
| | **Изборни – 1 од наведените** | | | | |
| SLE2204 | Спорт и слободното време | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| SMR2205 | Односи со јавноста и ПР во спортот | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | **Универзитетски – 1 од наведените** | | | | |
| | Изборен предмет од сите универзитетски или од универзитетска листа Група 2 | 2/4 | 30/60 | Мин.3 | Мин.90 |
| Вкупно | | 21-23 | 315-345 | Мин.30 | Мин.900 |

III година – **МОДУЛ СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ**

Петти семестар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| EOE3101 | Основи на економија | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SMG3102 | Менаџмент на спортските случувања | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SMG3103 | Менаџмент на спортски објекти | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| | **Изборни – 2 од наведените** | | | | |
| EPR3110 | Промоција | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| EOP3111 | Одснесување на потрошувачите | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| EPR3112 | Претприемништво | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| Вкупно | | 25 | 375 | 30 | 900 |

Шести семестар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| LSP3201 | Правни спекти во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR3202 | Морал и етички аспекти во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SMG3203 | Финансирање во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| | **Изборни – 2 од наведените** | | | | |
| EKR3210 | Професионален и кариерен развој | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| EDM3214 | Дигитален маркетинг | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SMG3206 | Менаџмент на спортски организации | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| Вкупно | | 25 | 375 | 30 | 900 |

IV година – **МОДУЛ СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ**

Седми семестар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| SLE4101 | Рекреативни активности | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SMG4102 | Администрација во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SMG4103 | Лидерство во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| | **Изборни – 2 од наведените** | | | | |
| SPR4104 | Тренажен процес во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| EUP4110 | Управување со промени | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| ESM4112 | Стратегиски менаџмент | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| Вкупно | | 25 | 375 | 30 | 900 |

Осми семестар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| SMG4201 | Пракса во спортскиот менаџмент | 0+5 | 75 | 6 | 180 |
| SMG4202 | Менаџмент на човечки ресурси во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SLE4203 | Спортска анимација | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| | Дипломскаработа | | | 8 | 240 |
| | **Изборни – 1 од наведените** | | | | |
| EIN4210 | Инвестиции | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| EPM4211 | Проектен менаџмент | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| EMB4212 | Менаџмент на мал бизнис | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| Вкупно | | 20 | 300 | 30 | 930 |

Се стекнува со звање: Дипломиран спортски менаџер

III година – **МОДУЛ СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ**
Петти семестар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| SPR3101 | Функционална анатомија | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR3102 | Педагогија | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR3103 | Ракомет | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| | **Изборни – 2 од наведените** | | | | |
| SMG3102 | Менаџмент на спортските случувања | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SMG3103 | Менаџмент на спортски објекти | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SLE4101 | Рекреативни активности | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| Вкупно | | 25 | 375 | 30 | 900 |

***Задолжителен курс по Скијање кој треба да се реализира по завршување на зимскиот семестар и кој носи 2 кредити**

Шести семестар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| SPR3201 | Физиологија на спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR3203 | Спортска гимнастика | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR3204 | Одбојка | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| | **Изборни – 2 од наведените** | | | | |
| SPR3202 | Морал и етички аспекти во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SMG3206 | Менаџмент на спортски организации | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR3205 | Дијагностика во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| Вкупно | | 25 | 375 | 30 | 900 |

***Задолжителен курс по Летно логорување кој треба да се реализира по завршување на летниот семестар и кој носи 2 кредити**

IV година – **МОДУЛ СПОРТ ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ**
Седми семестар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| SPR4101 | Методика на наставата по физичко образование | 2+4 | 90 | 7 | 210 |
| SPR4102 | Кошарка | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR4105 | Атлетика | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| | **Изборни – 2 од наведените** | | | | |
| SPR4104 | Тренажен процес во спортот | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| SMG4103 | Лидерство во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR4106 | Биомеханика | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| Вкупно | | Мин 25 | Мин 375 | Мин 30 | 900 |

Осми семестар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| SPR4201 | Методска пракса | 0+5 | 75 | 6 | 180 |
| SPR4204 | Фудбал | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| | Дипломска работа | | | 8 | 240 |
| | **Изборни –2 од наведените** | | | | |
| SMG4202 | Менаџмент на човечки ресурси во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR4205 | Спортска исхрана | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| SLE4203 | Спортска анимација | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| Вкупно | | 20 | 300 | Мин 31 | Мин 930 |

Се стекнува со звање: Дипломиран професор по спорт и физичко образование

**Студиска програма СПОРТ И СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ за втор циклус на студии на Факултетот за спортски менаџмент при ФОН Универзитет:**

Деветти семестар – МОДУЛ СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ

| КОД | ПРЕДМЕТ | Часови неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|
| SMG5101 | Истражувања во областа на спортскиот менаџмент | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| UMN5104 | Методологија на НИР | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SPR5103 | Истражувања во спортот | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| SMG5102 | Меѓународни спортски организации и асоцијации | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| | **Изборни – 1 од наведените** | | | | |
| EUR5105 | Управување со резултати | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| ESM5101 | Стратегиски маркетинг | 2+3 | 75 | 7 | 210 |
| | **Универзитетски – 1 од наведените** | | | | |
| | Изборен предмет од сите универзитетски II циклус | Мин.3 | Мин.45 | Мин.4 | Мин.120 |
| Вкупно | | Мин.28 | Мин.420 | Мин.31 | Мин.930 |

Десетти семестар – МОДУЛ СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ

| КОД | ПРЕДМЕТ | Часови неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|
| SMR5201 | Менаџмент на маркетинг стратегиите на спортот во образованието | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| STU5202 | Современи истражувачки тенденции во спортскиот туризам | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| | Магистерски труд | 0+8 | 120 | 10 | 300 |
| | **Изборни – 2 од наведените** | | | | |
| SMG5203 | Безбедносен менаџмент во спортот | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| SMG5204 | Менаџмент во професионалниот спорт | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| EMM5205 | Меѓународен финансиски менаџмент | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| Вкупно | | 26 | 450 | 30 | 900 |

Се стекнува со звање: Магистер по спортски менаџмент

Деветти семестар – МОДУЛ СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

| КОД | ПРЕДМЕТ | Часови неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|
| SPR5102 | Современи трендови во физичкото образование | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| SPR5103 | Истражувања во спортот | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| UMN5104 | Методологија на НИР | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| STU5104 | Спорт и туризам во слободното време за ученикот | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| | **Изборни – 1 од наведените** | | | | |
| SPR5105 | Спорт за сите | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| SMG5101 | Истражувања во областа на спортскиот менаџмент | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| | **Универзитетски – 1 од наведените** | | | | |
| | Изборен предмет од сите универзитетски II циклус | Мин.3 | Мин.45 | Мин.4 | Мин.120 |
| Вкупно | | Мин.28 | Мин.420 | Мин.30 | Мин.900 |

Десетти семестар – МОДУЛ СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптовар ување** |
|---|---|---|---|---|---|
| SPR5202 | Истражувања од областа на методиката во физичкото образование | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| SPR5204 | Програмирање на трансформациски процеси | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| | Магистерски труд | 0+8 | 120 | 10 | 300 |
| | **Изборни – 2 од наведените** | | | | |
| SPR5205 | Тестови за проценка на физичките способности | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| SMR5201 | Менаџмент на маркетинг стратегиите на спортот во образованието | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| SMG5203 | Безбедносен менаџмент во спортот | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| Вкупно | | Мин.26 | Мин.390 | 30 | 900 |

Се стекнува со звање: Магистер по спорт и физичко образование

**ЕДНОГОДИШНА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ПРОГРАМА на Факултетот за спортски менаџмент при АУЕ - ФОН Универзитет :**

I семстар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптовар у вање** |
|---|---|---|---|---|---|
| SLE1110 | Рекреативни активности | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| SMG1111 | Администрација во спортот | 2+3 | 75 | 7 | 210 |
| SMG1112 | Лидерство во спортот | 2+3 | 75 | 7 | 210 |
| | **Изборни – 1 од наведените** | | | | |
| SPR1113 | Тренажен процес во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| EUP1114 | Управување со промени | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| ESM1115 | Стратегиски менаџмент | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| | **Универзитетски – 1 од наведените** | | | | |
| | Изборен предмет од сите универзитетски или од универзитетска листа Група 1 | Мин.3 | Мин.45 | Мин.4 | Мин.120 |
| Вкупно | | Мин 23 | Мин 345 | Мин 30 | Мин 900 |

II семестар

| **КОД** | **ПРЕДМЕТ** | **Часови неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптовар ување** |
|---|---|---|---|---|---|
| SMG1210 | Пракса во спортскиот менаџмент | 0+5 | 75 | 6 | 180 |
| SMG1211 | Менаџмент на човечки ресурси во спортот | 2+3 | 75 | 6 | 180 |
| | Специјалистички труд | | | 8 | 240 |
| | **Изборни – 2 од наведените** | | | | |
| SLE2212 | Спортска анимација | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| EINV2213 | Инвестиции | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| EPM2214 | Проектен менаџмент | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| EMB2215 | Менаџмент на мал бизнис | 2+3 | 75 | 5 | 150 |
| Вкупно | | 20 | 300 | 30 | 900 |

- **Се стекнува со звање: Специјалист по спортски менаџмент**

## 4.2. Структура и содржина на студиската програма на Факултетот за спортски менаџмент

Факултетот за спортски менаџмент има право да организира настава на додипломски студии од областа на физичкото образование и областа на спортскиот менаџмент во прв циклус кои траат 8 семестри со 240 кредити.

**Нивото и содржината на академската програма** т.е. структурата на предметите на Факултетот за спортски менаџмент ќе се анализира преку три мерила и тоа според бројот на општо – образовни, основни и стручни предмети и според застапеноста на наставно – стручни области (табела 3.).

Табела 3. - Процентуална застапеност на поедините стручни области

| Научни предметни области | Застапеност % |
|---|---|
| **Спортски менаџмент** | **25 %** |
| **Спорт** | **40 %** |
| **Спортски туризам, рекреација и анимација** | **11 %** |
| **Економски науки** | **16 %** |
| **Други (Јазици, информатика, правни)** | **8 %** |

**Нивото и содржината на базичните и стручните предмети** се дадени во Елаборатот за основање на ФСМ (одобрен од Одборот за акредитација). Процентуалната застапеност на секоја од областите ја дефинира **ориентационата функција** на академската година.

Така, на Факултетот за спортски менаџмент доминантна улога имаат спортските теоретски и практични предмети кои се застапени со 40%, предметите од областа на спортскиот менаџмент се застапени со 25% и кон нив се приклучуваат и предмети од областа на економските науки со 16%. Предмети од областа на туризмот, рекреација и анимација се застапени со 11% и останатиот процент од предмети се од области како информатика, јазици и правни аспекти кои го дооформуваат профилот на спортски менаџер или спортски педагог.

## 4.3. Образовен систем и услови за реализација

Поаѓајќи од законски дефинираната рамка за предвидениот неделен фонд на часови и вежби, според којашто на студиската програма на додипломските студии е потребно да се организираат најмногу дваесет часови предавања и десет часови вежби, во рамките на 60 кредити годишно, слободно може да се констатира дека студиската програма во првиот циклус како 2 општи студиски години и 2 специјализирани од областа на спортскиот менаџмент и од областа на спортот и физичкото образование, во целост ги задоволува условите предвидени со Законот за високото образование.

**Методите за реализација на** образовниот систем се преку практични предавања вежби и теоретски предавања. Распоредот на часови е организиран според акредитираната програма и со тоа е овозможен баланс на начинот на кој студентите го поминуваат своето време при одржување на вежбите.

**Методите за оценување** се во согласност со ЕКТС: од можни 100 поени – по максимални 35 поени се добиваат на два колоквиуми, 10 поени се добиваат за присутност на настава, 10 по основ на изработка на семинарска работа, а останатите 10 поени – за ангажираност на студентот по други основи или на начин со сооднос предвиден во соодветен силабус на наставен предмет согласно спецификите на истиот.

## 4.4. Влезен потенцијал на студентите

Факултетот за спортски менаџмент работи со студенти од прва, втора, трета, четврта и петта студиска година. Услов за запишување на Факултетот за спортски менаџмент додипломски студии е завршено четири годишно средно образование, без оглед на струка-насока. Во структурата на запишаните студенти доминираат средношколци со завршена општа гимназија околу – 50%, и делумно средно фискултурно училиште околу – 35%. Сето ова се должи на фактот, дека на

факултетот за спортски менаџмент доминираат вонредните студенти, кои се репрезентативци на нашата држава или пак се вработени во спортските организации на Р. Македонија.

Уписот на Факултетот се остварува преку објавување на конкурс за упис во Високо образовната институција, АУЕ - ФОН (и тоа за понудените факултети еден од кои што е и Факултетот за спортски менаџмент). Ранг листата се изготвува според упсехот на кандидатите од четиригодишното средно образование и од оценките на интерните и екстерни тестирања.

Универзитетот организира и проекти за стипендирање на успешните средношколци под името „И во Македонија се може", а најдобрите се избираат преку стручно on-line тестирање, интервју со стручна комисија и успех од завршеното средно образование. Освен целосни стипендии, Униеврзитетот доделува и неколку квоти на делумни стипендии за кандидатите на ваквите проекти.

## 4.5. Организација и искористеност на академскиот кадар и ресурсите

На почетокот од секоја академска година наставниците имаат обврска да ја достават содржината на предметната програма со нејзин краток опис и да приложат список на основна, односно задолжителна и дополнителна литература за учење. Секој предметен наставник може да врши соодветни промени и усовршувања на предметната програма, согласно со достигнувањата во развојот на научната мисла и да ги инкорпорира новите сознанија и научни дострели во содржината на научната дисциплина.

Во реализацијата на студиската програма, планираните обврски на наставниот кадар се исполнети во целост. Студентите покрај практичните и теоретските предавања – имаат и теренска настава.

Исто така постои рамнотежа во поглед на **планираните и реализираните студентски активности**. Прогресот на студентот се оценува според повеќе параметри кои се дефинирани во ЕКТС концептот.

**Системот за оценување** е според ЕКТС – испитот се полага преку колоквиум, а се оценуваат и присутноста, активноста и изработените семинарски работи. Колоквиумите се спроведуваат во предвидените колоквиумски недели (првата во почеток на ноември (април), а втората – почеток на јануари (јуни). Колоквиумите и испитите се спроведуваат практично – во сала и писмено теоретски како, додека во рамките на одредени предмети се зема предвид и практична работа на компјутер и усно полагање.

Во поглед на **ефикасноста на организацијата** и внатрешната комуникација во рамки на Факултетот – можеме да истакнеме дека главен координатор е Деканот и дека Факултетот функционира на високо професионално ниво, согласно предвидените законски одредби.

Во поглед на **кадровската политика** – Факултетот го подржува стручното усовршување на академскиот кадар и сите други облици на нивно доусовршување.

## 4.6. Нивоа на успеси

Во поглед на планираните и реализираните активности – може да се потврди и констатира целокупно исполнување на наставните дејности.

## 4.7. Квалитет на дипломирани студенти

Во 2019 година :

Табела 4.

| **ЕКТС** | **успех** | **Стекнато звање** | **циклус** |
|---|---|---|---|
| 180 | **7.29** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **6.73** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **7.08** | ДИПЛОМИРАН СПОРТСКИ МЕНАЏЕР | baccalaureus |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 180 | **6.35** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **6.61** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **6.47** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 60 | **8.25** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО ПСОРТОТ | master |
| 60 | **8.13** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО ПСОРТОТ | master |
| 60 | **7.75** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТОТ | master |

Во 2020 година:

Табела 5.

| **ЕКТС** | **успех** | **Стекнато звање** | **циклус** |
|---|---|---|---|
| 180 | **7.03** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 60 | **8.13** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТОТ | master |
| 60 | **7.50** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТОТ | master |
| 60 | **8.38** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТОТ | master |
| 60 | **8.38** | СПЕЦИЈАЛИСТ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ | specialist |
| 60 | **8.00** | СПЕЦИЈАЛИСТ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ | specialist |

Во 2021 година:

Табела 6.

| **ЕКТС** | **успех** | **Стекнато звање** | **циклус** |
|---|---|---|---|
| 180 | **6.39** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **7.28** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 240 | **7.19** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | baccalaureus |
| 245 | **7.91** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | baccalaureus |
| 245 | **9.57** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | baccalaureus |
| 245 | **7.97** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | baccalaureus |
| 245 | **9.45** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | baccalaureus |
| 60 | **6.75** | СПЕЦИЈАЛИСТ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ | specialist |
| 60 | **6.50** | СПЕЦИЈАЛИСТ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ | specialist |
| 60 | **9.00** | МАГИСТЕР ПО СПОРТ | master |
| 60 | **8.90** | МАГИСТЕР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | master |
| 60 | **7.10** | МАГИСТЕР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | master |
| 60 | **8.50** | МАГИСТЕР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | master |

## 4.8. Услови за реализација на образованието

Предавањата и вежбите на Факултетот за спортски менаџмент се одвиваат во просториите на ФОН Универзитетот и целосно ја задоволуваат потребата. Во наставата се користат лаптоп и ЛЦД проектор, а спортски сали и базен се изнајмуваат според потребите во тековниот семестар. Од март 2020 година Универзитетот работеше во вонредни пандемиски услови онлајн.

## 4.9. Интернационален контекст на студиската програма

АУЕ - ФОН Универзитетот се грижи за перманентна трансформација, иновации и осовременување на студиските програми со цел нивно усогласување со меѓународните стандарди и барања за подобрување на квалитетот на високообразовниот процес.

## 4.10. SWOT анализа за студиските и предметните програми

| | |
|---|---|
| **S** | • актуелност на студиските програми и нивни квалитет;<br>• дефинирана стратегија за соработка со спортските клубови и организации;<br>• нова и иновативна студиска програма, заснована врз база на препораките на меѓунардони институции организации и афирмирани научно истражувачки центри;<br>• образување и формирање на високо-стручни кадри со теориски и практични познавања од областа на физичкото образование, спортот и спортскиот менаџмент;<br>• унапредување на спортско – образовната свест кај студентите. |
| **W** | • Недоволно внимание и форсирање на студентите за стекнување практични знаења;<br>• Непостоење на системски организирана соработка за студентска пракса во земјата и странство;<br>• Недостиг на стручна соработка со сродни факултетите од странство;<br>• Недостиг на свој сопствен спортски објект (сала). |
| **O** | • Можности за проширување на интердисциплинарни последипломски студии;<br>• Брзо прилагодување и прифаќање на новите сознанија, новите технологии и нивно инкорпорирање во наставната програма;<br>• Зголемена теориска и практична соработка со афирмирани институции и меѓународни спортски организации. |
| **T** | • форсирање на државните универзитети за сметка на приватните универзитети од страна на државните органи;<br>• нелојална конкуренција меѓу приватните универзитети;<br>• висока либерализација и отсуство на реални критериуми за добивање на акредитација за работа на нови високообразовни институции;<br>• ограничени можности за вработување на едуцираниот кадар поради неповолниот развој на националната стратегија во однос на спортот и образованието. |

# 5. НАСТАВНО – НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

## 5.1. Наставен кадар

Факултетот за спортски менаџмент брои 5 вработени и тоа: 2 редовни професори, 3 вонредни професори. Дел од предметите ги покриваат стручни професори од области избрани на други факултети при АУЕ - ФОН униеврзитетот (како на пример филолози, информатичари и економисти).

## 5.2. Покриеност на наставните предмети со наставници и соработници

Ангажираноста на професорите во наставно-образовниот процес, најчесто е рамномерна, поради законските норми на оптовареност на наставниот кадар. Во периодот кој го опфаќа овој Извештај на самоевалуација, наставниот кадар на ФСМ ги покрива следните предмети:

Покриеност на наставата од 2018 до 2021 година според индивидуалните анкети за самоевалуација:

| Ред. проф. д-р Магдалена Дамјановска – Факултет за спортски менаџмент | | | |
|---|---|---|---|
| | Предмет | Студиска година | Фонд на часови |
| 1. | Тнацови активности | I | 2+3 |
| 2. | Антропомоторика | I | 3+3 |
| 3. | Комуникологија во спортот | II | 2+3 |
| 4. | Ракомет | III | 2+3 |
| 5. | Физиологија на спорт | III | 2+3 |
| 6. | Спортска гимнастика | III | 2+3 |
| 7. | Методска пракса | IV | 2+3 |
| 8. | Методика на настава по физичко обрразование | V | 2+4 |
| 9. | Истражувања во областа на методиката во физичкото образование | V | 2+3 |
| 10. | Современи трендови во физичкото образование | V | 2+3 |

| Ред. проф. д-р Александар Поповски – Факултет за спортски менаџмент | | | |
|---|---|---|---|
| | Предмет | Студиска година | Фонд на часови |
| 1. | Олимпизам | I | 3+3 |
| 2. | Пливање со ватерполо | II | 2+3 |
| 3. | Функционална анатомија | III | 2+3 |
| 4. | Одбојка | III | 2+3 |
| 5. | Дијагностика во спортот | III | 2+3 |
| 6. | Тренажен процес во спортот | IV | 2+3 |
| 7. | Кошарка | IV | 2+3 |
| 8. | Фудбал | IV | 2+3 |
| 9. | Истражувања во спортот | V | 2+3 |
| 10. | Програмирање на трансформациски процеси | V | 2+3 |
| 11. | Тестови за проценка на физичките способности | V | 2+3 |

| Вонр. проф. д-р Лиза Пантековска – Факултет за спортски менаџмент | | | |
|---|---|---|---|
| | Предмет | Студиска година | Фонд на часови |
| 1. | Спорт и општество | I | 2 |
| 2. | Основи на спортски туризам | II | 2+2 |
| 3. | Медиуми и спорт | II | 2+2 |
| 4. | Рекреативни активности | IV | 2+2 |
| 5. | Спорт и туризам во слободното време на ученикот | V | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Вовед во спортска анализа | II | 2+3 |
| 7. | Спорт и слободно време | II | 2+3 |
| 8. | Спортска анимација | IV | |
| 9. | Спортска исхрана | IV | |
| 10. | Современи истражувачки тенденции во спортскиот туризам | V | |

| Вонр. Проф. д-р Весна Јованова-Симева – Факултет за спортски менаџмент | | | |
|---|---|---|---|
| | Предмет | Студиска година | Фонд на часови |
| 1. | Вовед во спортскиот менаџмент | I | 2+3 |
| 2. | Менаџмент на спортски објекти | III | 2+3 |
| 3. | Лидерство во спортот | IV | 2+3 |
| 4. | Биомеханика | IV | 2+2 |
| 5. | Истражување во областа на спортскиот менаџмент | V | 2+3 |
| 6. | Меѓународни спортски организации и асоцијации | V | 2+3 |
| 7. | Управување со спортски игри | I | 3+3 |
| 8. | Односи со јавноста и ПР во спортот | II | 2+3 |
| 9. | Менаџмент на спортски организации | III | 2+3 |
| 10. | Пракса во спортскит менаџмент | IV | 0+5 |
| 11. | Менаџмент во професионалниот спорт | V | 2+3 |

| Вонр. Проф. д-р Тања Китановска Стојковска – Факултет за спортски менаџмент | | | |
|---|---|---|---|
| | Предмет | Студиска година | Фонд на часови |
| 1. | Вовед во кинезиологија | I | 2+2 |
| 2. | Менаџмент на спорстки случувања | II | 2+3 |
| 3. | Администрација во спортот | IV | 2+3 |
| 4. | Атлетика | IV | 2+3 |
| 5. | Спорт за сите | V | 2+2 |
| 6. | Спорт 1 | I | 0+3 |
| 7. | Управување на спортот во образованието | I | 2+4 |
| 8. | Спортски маркетинг | II | 2+3 |
| 9. | Морал и етички аспекти во спортот | III | 2+3 |
| 10. | Менаџмент на маркетинг стратегии на спортот во образованието | V | 2+3 |
| 11. | Безбедносен менаџмент во спортот | V | 2+2 |
| 12. | Спорт 2 | I | 0+3 |

## 5.3. Наставно-научна компетентност на наставниците во односот на предметите што ги предаваат

Сите наставници имаат докторати и избор во соодветната област, така што нивната компетентност е неспорна. При поделбата на предметите земена е во предвид и потесната специјалност на наставниот кадар.

## 5.4. Соработнички кадар

Факултетот за спортски менаџмент во периодот за кој е извршена самоевалуацијата, нема соработнички кадар.

## 5.5. SWOT анализа за наставно-научниот и соработничкиот кадар

Факултетот за спортски менаџмент во предвидениот период наставата ја изведува по акредитираната студиска програма од 2017 година: четири додипломси студиски години, четврта година по акредитирана програма од 2017 година - специјалистички едногодишни студии и петта година по студиска програма 2017 на последипломски студии со две насоки.

Кадарот со кој располага Факултетот и АУЕ - ФОН Универзитетот ги задоволува потребите за предвидената настава:

| | |
|---|---|
| **S** | • Наставници и соработници од овој профил, од едноставна причина што факултетот за спортски менаџмент е единствен во државата<br>• Кадар кој е силно ориентиран кон студентите и поттикнува знаење |
| **W** | • недоволни можности за стручно усовршување на наставниот кадар (претплата на релевантни научни бази на трудови, финансирање учество на конференции, кофинансирање на студиски престои во странство)<br>• поголем акцент на специјализација по области |
| **O** | • континуирано да се вложува во оспособување на сопствен кадар од редовите на студентите во домашни и странски институции |
| **T** | • преголема оптовареност со административни работи на наставниот кадар<br>• учество во проекти и активности кои не се директен предмет на интерес на кадарот |

# 06. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## 6.1. Форми на наставно-образовниот процес

Различните облици на наставно-образовниот процес се различно застапени во студиската програма на ФСМ. Анализата на потребите за реализација на наставата укажуваат дека промените треба да се остваруваат во насока на намалување на учеството на предавањата екс-катедра и зголемување на останатите форми на настава, а особено во интерактивната настава. Од посебно значење се практичните вежби (кои се на терен), како и интерактивната настава.

## 6.2. Начини, методи и технологии во наставно-образовниот процес

Во наставно-образовниот процес на ФСМ се применуваат најсовремени технологии (компјутери, проектори, софтверска поддршка итн). Во овој момент не располагаме со потребните лаборатории кои се од суштинско значење за нашиот факултет (истражувачки центар и соодветна лабораторија). Само преку практична работа и лабораториски вежби може да се дојде до оформување на квалитетни професори, тренери и менаџери во спортот.

## 6.3. Покриеност на наставата со надворешни соработници

Факултетот за спортски менаџмент ги покриваше сите практични и теоретски предмети со сопствен кадар (од факултетот и универзитетот), но беа ангажирани и визитинг професори за специфичните предмети како психологија во спортот, за кои АУЕ - ФОН Универзитетот не располага со кадар.

## 6.4. Начини на проверка на знаењата

Методите за проверка на знаењата се спроведуваат преку писмени испити со употреба на разни видови тестови во зависност од природата на наставната дисциплина и од методот на составување на тестовите за кој се определил наставникот. Во овој контекст може да се каже дека голем дел од испитите се полагаат преку колоквиуми во процесот на континуирана проверка на знаењата, најпрво се полага практичниот дел од испитот а потоа теоретскиот дел. Писмениот облик на проверка на знаењета (преку тестови) е застапен со 70%. Проверката на знаењата преку практична работа (домашни задачи, изработка на семинарски работи е застапена со 20%) и проверката на знаењата низ интерактивното следење на постигнатиот успех на студентите е застапено со 10%.

И трите начина за проверка на знаењето имаат свои предности – писмениот е задолжителен според ЕКТС, но практичниот е неопходен за профилот на кадар што Факултетот за спортски менаџмент го создава.

## 6.5. Дипломска работа

По положувањето на сите испити предвидени според наставната програма – предвидена е и изработка на дипломска работа која носи предвидени кредити. Дипломската работа треба да претставува самостојна студија или решавање на некој практичен проблем.

## 6.6. Магистерски трудови

Специјалистичките и магистерските трудови во основа се квалитетно изработени трудови од методолшки и научен аспект. Менторот и комисијата одредена преку ННС има должност и свое право да дава забелешки и да влијае за подобро оформување на трудовите.

### 6.7. Проодност на студентите од година во година (според податоци од студентски прашања)

Според податоците добиени од студентска служба – од генерацијата 2019/`19 проодноста на студентите е 70%, од генерацијата 2019/`20 проодноста на студентите е 70% и од генерацијата 2020/`21 проодноста на студентите е 75%. Ова се проценти кога станува збор за проодност од прва во втора студиска година, од втора во трета и од трета во четврта година.

### 6.8. SWOT анализа за наставно-образовната дејност

| | |
|---|---|
| **S** | • применети современи методи и анализи во наставниот процес<br>• начинот на кои се врши проверка на знаењата,<br>• интерактивност во наставата<br>• знаења со кои се стекнуваат студентите во текот на студиите (широк дијапазон). |
| **W** | • недоволна иницијативност од студентите<br>• слабата вклученост на вонредните студенти на предавањата |
| **O** | • подобрување на процесот на наставата врз база на следење на промените кај високо-образовни институции во развиените земји и имплементација на нивните позитивни искуства<br>• соработка со факултети и универзитети од странство |
| **T** | Доминацијата на писмената проверка на знаењето наспрема можноста и вредноста на усмената проверка за јакнење на вербалните компетенции на студентот за аргументирање на своите ставови и знаења |

## 7. СТУДЕНТИ

На Факултетот за спортски менаџмент има прва, втора, трета, четврта година додипломски студии, специјалистички едногодишни студии и петта студиска година на кои се запишани вкупно 69 студенти. Услов за запишување на ФСМ е завршено четири годишно средно образование, без оглед на струка-насока. Во структурата на запишаните студенти доминираат средношколци со завршена општа гимназија околу- 50% и делумно средно фискултурно училиште околу - 35%. Сето ова се должи на фактот, дека на Факултетот за спортски менаџмент доминираат вонредните студенти, кои пак се репрезентативци на Република Македонија или пак се вработени во спортските организации на Р. Македонија.

Во поглед на ангажираноста на студентите - постои рамнотежа во планираните и реализираните студентски активности (теренска настава, подготовка на предавања т.е. домашни задачи). Прогресот на студентот се оценува според повеќе параметри кои се дефинирани во ЕКТС концептот.

Учеството на студентите во целокупниот универзитетски управувачки систем не е на потребното ниво. Нема избрано претставници на студентите во Наставно-научните совети на Факултетите, како и во другите управи и одбори во делувањето на Универзитетот, иако според Статутот на Универзитетот треба да има таков претставник. Во тек е формирање на процедура за избор на Претседател и студентски одбор кои ќе ги бранат интересите на студентите.

Претставниците на студентите во Наставно-научниот совет треба да одлучуваат за сите прашања кои се поврзани директно за нив, освен за изборот во наставно-научни звања и останати теми кои не се во доменот на студентите.

Двапати во годината (на крајот на зимскиот и на крајот на летниот семестар) се спроведува анкета во која студентите анонимно го оценуваат наставниот процес, квалитетот на наставата и останатите логистички услови на факултетот.

### 7.1. SWOT анализа за студентите

| | |
|---|---|
| **S** | • поволни конкурсни услови за запишување на студентите во прва година<br>• голема веројатност за брзо вработување во струката по дипломирањето |
| **W** | • недоволно учество на студентите во управувачкиот процес на ФОН Универзитетот<br>• поголема заинтересираност за оценки отколку за добивање на знаење |
| **O** | • подобрување на условите за студирање<br>• зголемување на финансиската поддршка за студирање од страна на стопанските субјекти за студирање на приватни универзитети |
| **T** | • лошите социо-економски услови во државата, одлив на студентите во странство<br>• фаворизирање на државните пред приватните Факултети |

## 8. ЛОГИСТИКА

Сервисот на студентска служба е одлично организиран. Службата работи од 8-16 ч. секој работен ден, како и во саботи по време на уписи, колоквиумски и испитни сесии. Преку неа се врши целокупното спроведување на наставниот процес, како и спроведување на испитите и колоквиумите. Студентска служба го задоволува обемот на вработените и редовноста во услужувањето на студентите, но сепак оваа служба има потреба од дополнителни вработувања бидејќи опслужуваат 9 Факултети. И од самите анкети на студентите – може да се заклучи дека тие се задоволни од работата на студентската служба. Одредени проблеми постојат само во софтверското решение на службата кое треба да се ажурира, да се усовршува и да се менува според потребите.

Сервисот на Библиотеката работи добро во поглед на издавањето на книги, но недоволна е снадбеноста на библиотеката со стручна спортска литература (списанија). Исто така – нема информирање на студентите и наставниците за пристигнати нови наслови на литература, ниту пак електронски увид на литературата со која веќе располагаме.

На Универзитетот постои одличен сервис за копирање и од него се задоволни и вработените и студентите.

## 09. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ

Факултетот за спортски менаџмент, според условите предвидени со Одлуки од АУЕ – ФОН и ННС од 2020 година работи во пандемиски онлајн услови.

| **Опременост на Факултетот за спортски менаџмент** | |
|---|---|
| Факултет за спортски менаџмент<br>Учебна година: 2020/21 | |
| **Вид на опрема** | **Број** |
| Компјутери | / |
| Лаптоп компјутери | сопствени |
| LCD проектори | / |
| Печатари | / |
| Интернет приклучоци | 2 |
| Скенери | / |
| Свичеви | / |
| Рутери | / |

| **Спортски објекти и површини** | | | |
|---|---|---|---|
| Факултет за спортски менаџмент<br>Студиска програма: Спорт и Спортски менаџмент<br>Учебна година: 2020/2021 | | | |
| **Вид на простор** | **Број** | **Површина во м2** | **Вкупно број на студенти во група** |
| Спортски објекти за изведување вежби (изнајмени) | 1 | 200 м2 | 15 |
| Друго - да се наведе | базен | 25 метарски | 15 |

Расположливиот простор делумно ги задоволува потребите на наставата.

Би сакале да истакнеме недостаток на специјализирана лабораторија (институт), која би била во интерес на подобрување на квалитетот на наставата на нашиот Факултет:

- Центар за обработка на добиени резултати од истражувања во спортот,
- Институт за физиологија – со најсовремена опрема за потребите на факултетот, но и за тестирање на сите спортски клубови и спортски организации на ниво на Р. Македонија и пошироко од нашето окружување.

# 10. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

## 10.1. Соработка со стопанство, со владини институции, со не-владини организации и со други асоцијации на национално ниво, а во контекст на мисијата, целите и задачите на установата

Во поглед на соработката со домашни институции, би ја истакнале добрата соработка со МОК и со спортските федерации (пливачката, ракометната, кошаркарската, итн.). Во изминатиот период АУЕ - ФОН Универзитетот реализира повеќе активности во соработка со државните органи АМС, институции и стопанските субјекти.

Кадарот на Факултетот активно партиципираат во широкиот спектар активности на научен, стручен и апликативен план со што придонесуваат и се од огромно значење за усовршување и унапредување на дејноста на ФСМ и неговата афирмација, а во контекст на остварување на целите и задачите на оваа институција.

Координацијата и имплементацијата на повеќе активности од тековен и развоен карактер, што се остварува во соработка со невладините организации, е присутна, но е во многу мал обем.

## 10.2. Учество во Европски и други програми

Во наведениот период нема директна учество на ФСМ во Европски програми, но континуирана е соработката на АУЕ - ФОН Универзитетот со надворешни институции, како и меѓу универзитетска соработка.

## 10.3. Вкупен број на проекти во последните 3 години

Кадарот на Факултетот за спортски менаџмент работи на поединечни научно-истражувачки проекти. Можностите на Факултетот и интересот за вклучување во меѓународните проекти се нагласени во наведениот период, особено во областа на образованието и неговите реформски зафати за современ концепт на Универзитетот.

## 10.4. Размена на академски кадар со други академски центри во земјата и странство

Во наведениот период нема директна размена на академски кадар на студиските програми, но континуирана е соработката со институциите во рамките на ФОН Универзитетот и меѓу универзитетската размена.

## 10.5. Студентска размена со други академски центри во земјата и странство

Факултетот се грижи за што поинтензивна студентска размена вградувајќи ја како една од клаузулите во договорите за соработка. Во тек се активности за основање на организациона единица при ФОН Универзитетот на Меѓународното студентско здружение – AIESEC, кое има долга традиција на студентска размена, остварени свои активности на полето на студентската практика и тоа двонасочно.

## 10.6. Контакти со дипломираните студенти

Факултетот остварува интензивни контакти со дипломираните студенти. Засега тие контакти се остваруваат на неформален начин, но се размислува за градење на институционална форма за организирана и перманентна комуникација со досегашните и идни дипломирани студенти. Ова е неопходно, заради натамошна изградба на систем за континуирано образование на дипломираните студенти и заради усовршување на студиските програми и на наставно-образовниот процес на Факултетот согласно потребите на практиката на спортскиот менаџмент во институциите, федерациите, спортските објекти како и во спортските клубови на Република Македонија.

## 10.7. Контакти со работодавците

Контактите со работодавците во спортските институции општо земено не задоволува. Евидентна е потребата од иницирање и остварување на поширока и поинтензивна соработка со спортските институции, спортските објекти, спортските федерации, АМС и МОК, спортските клубови, односно воспоставување перманентна комуникација што ќе овозможи студентите да ја согледаат практичната имплементација на стекнатите знаења и да бидат целосно оспособени за квалитетно извршување на работните обврски веднаш по завршувањето на високото образование.

## 10.8. Меѓународни проекти

Досега нашиот факултет има учествувано на два меѓународни научно-стручни проекти, едниот е со пливачкиот сојуз на централна Србија на тема "Утицај различитих програма непливача на усвојеност знања пливања", и вториот е со фудбалската федерација на Р. Бугарија на тема " Едукација на прволигашките тренери на Бугарија".

## 10.9 Меѓународна димензија на студиските програми

Студиската програма е иновативна, нејзиниот пристап ги опфаќа и истражувачката и професионалната пракса. Програмата е создадена согласно препораките на Болоњската декларација и за нејзиното креирање се следени програми на елитни Факултети за физичко образование, спорт и спортски менаџмент од Европа и САД. Компатибилноста се воочува со одредени Универзитети од Шангајската листа рангирани во првите 100, односно со Факултетите кои имаат програми по спортски менаџмент и програми по спорт и физичко образование, а се рангирани како најдобри во областа. Во елаборатот од 2017 година е направен компаративен приказ на студиската програма по двата модули Спортски менаџмент и Спорт и физичко образование на ФОН Универзитет и студиските програми по истите на шест универзитети:

- **Факултет за туризам, рекреација и спортски менаџмент,** при Универзитетот од Флорида, САД, рангиран на 83-то место на Шангајската листа за 2016 година;
- **Факултет за спортски менаџмент,** при Универзитетот Рајс (RICE), САД, рангиран на 84-то место на Шангајската листа за 2016;
- **Факултет за едукација, департман кинезиологија** при Универзитетот во Висконсин (Wisconsin), Медисон, САД, рангиран на 28-мо место на Шангајската листа за 2016.
- **Кинезиолошки факултет** при Универзитетот во Загреб, Хрватска;
- **Национална Спортска Академија,** Софија, Бугарија;
- **Универзитет по спорт,** Келн, Германија.

## 10.10. Настава на странски јазици

Наставата на Факултетот до сега се одвива исклучиво на македонски јазик, но по потреба и формирање на група од студенти, Универзитетот според изучуваната област на предметната група студенти обезбедува настава и на албански, турски и англиски јазик.

## 10.11. Користење на странска литература

Иако Факултетот за спортски менаџмент, успеа да набави десетина наслови странска литература која е од големо значење за наставничкиот кадар и за студентите, сепак мора да ја истакнеме потребата од континуирано обновување на нова стручна спортска литература.

## 10.12. SWOT анализа за надворешната соработка

Како што се гледа од погоре кажаното - надворешната соработка е слаба страна на ФСМ. Постојат индивидуални контакти на наставничкиот кадар за соработка со Универзитетите во нашето окружување, сепак продлабочување на меѓународната соработка се очекува во понатамошниот период.

| | |
|---|---|
| **S** | • изразен интерес за меѓународна соработка на студентите и наставниот кадар<br>• иницијативи за вклучување во меѓународни проекти |
| **W** | • индивидуални контакти и обиди за воспоставување на соработка со странски високо-образовни институции |
| **O** | • организација на семинари, симпозиуми и конференции<br>• вклучување во меѓународни проекти<br>• соработка со странски високо-образовни институции |
| **T** | • слаб интерес на спортските институции кон високо-образовните институции |

## 11. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката работа на Факултетот за спортски менаџмент се базира на обработка на податоци добиени од различен примерок на испитаници, кои се поврзани на било кој начин со спортот.

### 11.1. Број на публикации во последните три години

Во ПРИЛОГ Д е даден преглед на бројот на објавени трудови во периодот 2019 до 2021 год. Според бројот на наставен кадар (5 вработени професори), бројот на објавените трудови е задоволителен и соодветен.

### 11.2. Број на цитираност од други автори

Немаме точна евиденција за цитираноста на нашите трудови од други автори.

### 11.3. Вкупен број пријавени проекти

Досега нашиот факултет нема пријавено проекти.

### 11.4. Реализирани проекти во последните пет години

Од реализираните проекти го издвојуваме проектот Фабрика на знаење. Во прокетот студентите имаат можност на практика да го применат теоретското знаење во создавање на реален производ и соочување со реални проблеми од стопанскиот сектор.

Меѓутоа, на Факултетот постојат потенцијали за поголемо учество во меѓународни проекти, што несомнено отвора простор за зголемен ангажман на академскиот кадар во оваа насока. Дел од наставничкиот кадар земал учество во проектот „Подстратегија за развој на спортски туризам со акционен план 2015-2018“.

### 11.5. Учество на конференции, научни собири и семинари

Во ПРИЛОГ Д е даден преглед на бројот на учества на наставен кадар на ФСМ на конференции, семинари и други научни собири.

Од истиот може да се види вклученоста на наставничкиот кадар во научно-истражувачката работа изразена преку лични научно-истражувачки трудови.

### 11.6. Организирани научни собири

Во текот на своето постоење ФСМ нема организирано научен собир – тркалезна маса на Универзитетот, на тема: Состојбата на спортот во Р. Македонија, на која земаа учество спортските федерации со свои претставници и еминентни спортски работници.

### 11.7. Гостување на странски предавачи

Факултетот за спортски менаџмент од перидот на свое егзистирање има ангажирано двајца странски предавачи од Р. Србија.

### 11.8. Поврзаност на истражувањата со регионалните и националните потреби

Најголемиот дел од проектите и истражувањата на наставниот кадар на ФСМ непосредно кореспондираат со регионалните и националните потреби и се во согласност со дефинираните развојни приоритети на национално ниво.

### 11.9. Награди на национално и меѓународно ниво

За достигнувањата во областа на научно-истражувачката и образовната дејност, Универзитетот АУЕ ФОН како институција во чиј состав е Факултетот за

спортски менаџмент, има добиено повеќе национални признанија, додека повеќе професори од Универзитетот и Факултетот имаат добиено признанија за индивидуални достигања во своите области.

### 11.10. Издавачка дејност

Издавачката дејност на Факултетот за спортски менаџменте вклучува, учебниците по Современа фудбалска тактика од проф. д-р Вангел Симев, Прирачник пинг-понг од проф. д-р Вангел Симев, Пливање и основи на техниката и методика, Ватерполо основи на техника и тактика, Практикум пливање и Основи на тренингот на пливачите, Учебник и практикум по предметот Истражувања во спортот од Проф. д-р. Александар Поповски, како и Практикум по Основи на спортски туризам од проф. д-р Лиза Пантековска.

#### 11.10.1. Покриеност на студиските програми со учебници и учебни помагала

Од предметите, со сопствен учебник се покриени: Пливање, Ватерполо, Истражувања во спортот - проф. д-р Александар Поповски; Информатика Проф. Д-р Оливер Илиев; Финансиски менаџмент – Проф. Саво Ашталкоски; Менаџмент на човечки ресурси – Проф. Ирена Ашталкоска; Туризам, рекреација и анимација – проф. Лиза Пантековска, додека за останатите предмети се користи надворешна (претежно странска) литература.

#### 11.10.2 Постапка и запазеност на постапката за издавање на учебници

Постои Правилник за издавањето на учебници на ниво на Универзитети, тој целосно се почитува на Факултетот за спортски менаџмент. Најпрво авторот треба да поднесе барање за пријавување на напишан ракопис до Наставно-научниот совет на факултетот. ННС ја оценува потребата за учебно помагало по дадениот предмет и формира рецензентска комисија за дадениот ракопис. Рецензентите го рецензираат трудот и одредуваат негово ниво (учебно помагало, учебник и сл.). ННС одлучува за усвојување на ракописот како учебник по соодветниот предмет.

### 11.11. SWOT анализа за научно-истражувачката и издавачка дејност

| | |
|---|---|
| **S** | • интерес за учество во научно-истражувачката работа на наставниот кадар |
| **W** | • минимално е ангажирање во научно-истражувачката дејност заради оптовареноста на наставниот кадар |
| **O** | • поголем интензитет на научно-истражувачката работа преку поврзување со странски високо-образовни институции<br>• интензивирање на меѓународната соработка преку организација на меѓународни и домашни семинари и симпозиуми<br>• вклучување во научно-истражувачи проекти |
| **T** | • немање финансиска подршка на национално ниво<br>• немање доволна финансиска поддршка од управата<br>• немање достапност до релевантни научни бази<br>• затвореност на иституциите за соработка |

# 12. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

## 12.1. Интерно информирање на субјектите во наставно-образовниот процес и другите дејности на факултетот

За интерно информирање на Факултетот за спортски менаџмент, предвидено е да има редовни наставно-научни совети и Извештаи за работата. Деканот е задолжен за спроведување на редовното информирање на наставниот кадар. Ангажираните професори даваат семестрален Извештај до Деканот во врска со предметите, успехот на реализација, како и евентуалните проблеми со кои се сретнале при спроведувањето на наставата, колоквиумите и испитите. Исто така – според Статутот на АУЕ - ФОН Универзитетот – Деканот е задолжен да поднесе годишен Извештај за работата на Факултетот до Ректорот на Универзитетот.

### 12.1.1. Информираност на студентите преку сајтот на АУЕ ФОН универзитетот, студенски информатор и календар за работа во учебната година

Постои редовна информираност на студентите преку сајтот на АУЕ - ФОН Универзитетот. Сите најнови соопштенија, како и распоредот на часови, распоредот за полагање (термини на сесиите) и студиските програми се ставени на веб страната на универзитетот.

Исто така – Студентската служба е задолжена за редовно информирање на студентите. Студентите во секое време од денот (08-16ч.) можат да ги добијат потребните информации по телефон, или лично на шалтер.

## 12.2. Екстерно информирање на јавноста

Оваа дејност се спроведува преку централната служба за информирање (и портпаролот) на АУЕ - ФОН Универзитетот. Екстерното информирање се регулира со дозвола од управата на АУЕ - ФОН Универзитетот и Ректорската управа.

# 13. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на Факултетот за спортски менаџмент е дел од финансирањето на Универзитетот АУЕ - ФОН, а тоа се реализира исклучиво преку уплатената школарина од студентите (без никаков придонес од државата). Секако – постојат и инвестиции на сопственикот за овозможување на современи услови на наставно-образовниот процес.

АУЕ - ФОН е приватен универзитет, па студентите сами го финансираат своето школување (освен ако немаат добиено целосна или делумна стипендија која ја дава самиот универзитет). Школарината за една учебна година е поделена на три квоти (во зависност од успехот на матурантите или во зависност во која академска година влегува идниот студент преку редовен упис или трансфер) и тоа 600, 800 и 1000 евра. Постојат попусти за одредени категории како талентирани студенти, врвни спортисти и студенти со социјален статус.

# 14. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР

Оценувањето на квалитетот на академскиот кадар на ФСМ се врши согласно Правилникот за избор и Единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни и стручни звања усвоен од Интер-универзитетската конференција на РМ. Од оценувањето – ги согледавме следните констатации:

- Профилот и квалификациите на академскиот кадар (на ФСМ сите наставници се со титула доктор на науки);
- Почитувани се стриктно универзитетските единствени критериуми за избор во наставни звања;

- Бројот на академски кадар на ФСМ и професорите од другите факултети во склоп на универзитетот на кои им се доверува настава на ФСМ, засега во целост го задоволуваат покривањето на сите наставни области и предмети од студиите.
- Пристапот на Универзитетот во поглед на унапредувањата на академскиот кадар е секогаш позитивен – постојат примери и на предвремено унапредување во звање, доколку се исполнети законските норми за тоа;
- Соодносот помеѓу образовната дејност и научните истражувања не е соодветен – многу повеќе внимание се посветува на наставната дејност, отколку на истражувањата.

Исто така, во јуни 2021 беше спроведена редовна студентска анкета за самоевалуцација, со која студентите ги оценуваа наставниците по повеќе критериуми. Резултатите од спроведената анкета се дадени како Прилог кон овој Извештај.

## 15. ПРЕПОРАКИ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

### 15.1. Додипломски студии

Додипломските студии на Факултетот за спортски менаџмент функционираат со прва, втора, трета и четврта година по акредитираната програма од 2017 година. Целиот процес на студии се одвива непречено и без никакви притисоци.

Како корективна мерка би можела да биде:

- воспоставување организирана и континуирана соработка со државните органи, образовани исntитуции и служби како и со организациите, институциите и службите во приватниот сектор;
- натамошно развивање на кредит-трансфер системот;
- поголемото мотивирање на студентите за нивната присутност и ангажираност во наставниот процес.

### 15.2. Последипломски студии

Последипломските студии на ФСМ функционираат во две насоки: Спорт и физичко образование и Спортски менаџмент, како и едногодишна специјалистичка програма – спортски менаџмент.

**Цел:** Имплементација на новите насоки на последипломските студии и согледување на можностите и потребите за воведување други преку:

- ангажирање на академски кадар од други универзитети и афирмирани стручни лица од стопанството, во согласност со законската регулатива;
- анализа на потребите за воведување нови и атрактивни последипломски насоки.

### 15.3. Научно-истражувачка дејност

За поголема успешност на Факултетот – неопходни се: поголем интензитет на научно-истражувачка работа, како и интензивирање на меѓународната соработка.

Ова се две компоненти без кои не може да замисли функционирањето на ниту една високо-образовна институција. Во моментов – најголемиот дел од активностите на наставниот кадар се насочени кон реализација на наставата која е од голем обем, потоа администритивна работа која е исто обемна, додека минимално е ангажирањето во научно-истражувачката дејност и таа е индивидуална со сопствен финански и личен ангажман.

### 15.4. Надворешна соработка

Надворешната соработка е исто така слаба страна на ФСМ. Постојат индивидуални контакти и обиди да се воспостави соработка со Универзитетите од нашето окружување.

**Цел:** Проширување и интензивирање на надворешната соработка на Факултетот, преку:

- воспоставување потесни врски на Факултетот со високообразовните институции со коишто има склучено договори за соработка;
- иницирање и склучување договори за соработка со други високообразовни институции од земјата и странство;
- воспоставување организиран и подобро координиран систем на комуникација со органите, институциите и организциите од државниот и приватниот сектор како и со дипломираните студенти;
- интензивирање на соработката со сродни институции од земјата, во едукативната и научно-истражувачката сфера преку организирање на меѓународни симпозиуми и семинари;
- одржување предавања од страна на професори по покана, од земјата и од странство.

### 15.5. Финансирање

Во поглед на финансирањето, сметаме дека е потребно да се изнајдат и алтернативни облици на финансирање како: Покренување и учество во истражувачки проекти финансирани од ЕУ и од други владини и невладини фондации.

### 15.6. Односи со јавноста

Во поглед на односите со јавноста – немаме поголеми предлози за корективни мерки, освен она што веќе е кажано во повеќе наврати погоре:

- иницирање и склучување договори за соработка со бизнис заедницата;
- воспоставување организиран и подобро координиран систем на комуникација со дипломираните студенти (алумни);
- издавање на Универзитетски билтен;
- издавање брошура за Годишен календар на активности на АУЕ - ФОН универзитетот;
- афирмирање на Факултетот преку давање на спортски степендии;
- континуирано рекламирање на постигнатите спортски резултатите на ФСМ и АУЕ - ФОН Универзитетот општо.

**Комисија за спроведување на процесот на самоевалуацијата на Факултетот за спортски менаџмент 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021 (ФСМ):**

1. Доц.д-р. Тања Китановска Стојковска, претседател,
2. Проф.д-р. Магдалена Дамјановска, член
3. Проф. д-р. Лиза Пантековска, член.

## ПРИЛОЗИ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ВО УЧЕБНАТА 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021

**А. Општо**

1. Име: Факултет за спортски менаџмент при АУЕ - ФОН Универзитет – Скопје
2. Година на основање: 2007 год.
3. Име на декан на факултетот: Ред.проф.д-р Александар Поповски
4. Период на самоевалуација: од 10.2018 до 10.2021 год.

**Б. Наставници и соработници**

1. Број на наставници (полно работно време): 5
2. Број на наставници (повремено вработени): /
3. Број на асистенти и лектори (полно работно време): /
4. Број на асистенти и лектори (повремено вработени): /

5. Дистрибуција на професори и соработници по звање и време на ангажирање

| Редовни Професори | | Вонредни професори | | Доценти | | Соработници | | Лектори | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Полно време вработени | Повремено вработени | Полно време вработени | Повремено вработени | Полно време вработени | Повремено вработени | Полно време вработени | Повремено вработени | Полно работно време | Повремено вработени |
| 2 | - | 3 | - | - | - | - | - | - | - |

6. Наставници и соработници со полно работно време според пол

| Пол | Редовни Професори | Вонредни професори | Доценти | Соработници | Лектори |
|---|---|---|---|---|---|
| Женски | 1 | 3 | - | - | - |
| Машки | 1 | - | - | - | - |

7. Наставници и соработници со полно работно време според возраст

| Возраст | Редовни Професори | Вонредни професори | Доценти | Соработници | Лектори |
|---|---|---|---|---|---|
| 25-35 | - | - | - | - | - |
| 36-45 | - | 2 | - | - | - |
| 46-55 | 1 | 1 | - | - | - |
| 56-65 | - | - | - | - | - |
| 66-75 | 1 | - | - | - | - |

**В. Студенти**

1. Број на студенти на Факултетот за спортски менаџмент во академските:

2018/2019 год.

| **Насока** | **Скопје** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ за спортски менаџмент 2018/2019 | 23 | 23 |
| Втор циклус - спортски менаџмент 2018/`19 | 6 | 6 |
| Магистерски студии по спортски менаџмент2018/19 | 4 | 4 |
| Вкупно | | 33 |

2019/2020

| **Насока** | **Скопје** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| Спортски менаџмент 2019/2020 | 14 | 14 |
| Втор циклус - спортски менаџмент 2019/2020 | 1 | 1 |
| Магистерски студии по спортски менаџмент 2019/2020 | 2 | 2 |
| Вкупно | | 17 |

2020/2021

| **Насока** | **Скопје** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| Спортски менаџмент 2020/2021 | 20 | 20 |
| Втор циклус - спортски менаџмент 2020/2021 | 3 | 3 |
| Магистерски студии - Спорт и спортски менаџмент - 2020/2021 | - | - |
| Вкупно | | 23 |

2. Вкупно запишани студенти за прв пат во академските:

| **Насока** | **Скопје** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| Факултет за спортски менаџмент 2018/2019 | 33 | 33 |
| Факултет за спортски менаџмент 2019/2020 | 17 | 17 |
| Факултет за спортски менаџмент 2020/2021 | 23 | 23 |
| Вкупно | | **73** |

3. Број на студенти по број на наставници

| Година | Број на студенти | Број на наставници | Број на студенти по професор |
|---|---|---|---|
| 2018/19 | 33 | 18 | 1.8 |
| 2019/20 | 17 | 18 | 1 |
| 2020/21 | 23 | 18 | 1.3 |

4. Дипломирани студенти на Факултетот за спортски менаџмент:

Во 2019 година :

Табела 4.

| **ЕКТС** | **успех** | **Стекнато звање** | **циклус** |
|---|---|---|---|
| 180 | **7.29** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **6.73** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **7.08** | ДИПЛОМИРАН СПОРТСКИ МЕНАЏЕР | baccalaureus |
| 180 | **6.35** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **6.61** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **6.47** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 60 | **8.25** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО ПСОРТОТ | master |
| 60 | **8.13** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО ПСОРТОТ | master |
| 60 | **7.75** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТОТ | master |

Во 2020 година:

Табела 5.

| **ЕКТС** | **успех** | **Стекнато звање** | **циклус** |
|---|---|---|---|
| 180 | **7.03** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 60 | **8.13** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТОТ | master |
| 60 | **7.50** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТОТ | master |
| 60 | **8.38** | МАГИСТЕР ПО МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТОТ | master |
| 60 | **8.38** | СПЕЦИЈАЛИСТ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ | specialist |
| 60 | **8.00** | СПЕЦИЈАЛИСТ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ | specialist |

Во 2021 година:

Табела 6.

| **ЕКТС** | **успех** | **Стекнато звање** | **циклус** |
|---|---|---|---|
| 180 | **6.39** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 180 | **7.28** | ДИПЛОМИРАН МЕНАЏЕР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 240 | **7.19** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ | baccalaureus |
| 245 | **7.91** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | baccalaureus |
| 245 | **9.57** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | baccalaureus |
| 245 | **7.97** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | baccalaureus |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 245 | **9.45** | ДИПЛОМИРАН ПРОФЕСОР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | baccalaureus |
| 60 | **6.75** | СПЕЦИЈАЛИСТ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ | specialist |
| 60 | **6.50** | СПЕЦИЈАЛИСТ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ | specialist |
| 60 | **9.00** | МАГИСТЕР ПО СПОРТ | master |
| 60 | **8.90** | МАГИСТЕР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | master |
| 60 | **7.10** | МАГИСТЕР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | master |
| 60 | **8.50** | МАГИСТЕР ПО СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | master |

**5. Просечна оценка на студентите на ниво на ФСМ за реализација на предавањата и вежбите (од последното анкетирање за цела академска година во јуни 2021):**

| **Прашање** | **Просечна оценка** |
|---|---|
| 1. Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и е подготвен за квалитетно реализирање на наставата. | 4.78 |
| 2. Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето. | 4.81 |
| 3. Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен | 4.71 |
| 4. Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата. | 4.70 |
| 5. Наставникот/соработникот е достапен во определените термини надвор од наставата за консултации. | 4.75 |
| 6. Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна/ен. | 4.76 |
| 7. Поставените колоквиумски/испитни прашања се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите. | 4.79 |
| 8. Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите. | 4.68 |

Од спроведенето анкетирање на студентите на Факултетот за спортски менаџмент при АУЕ - ФОН Универзитет, Скопје за учебната 2020/2021 година и анализата која се однесува на прашањата во анкетниот прашалник табела бр.2, може да се заклучи дека: **Просечните оценки на прашањата се во интервал од 4.68 до 4.81 и се во рамките на оценка „одличен“.**

Од спроведената анкета може да се заклучи дека студентите на Факултетот за спортски менаџмент (како и стиденти од другите факултети во рамките на ФОН Универзитетот кои слушаат настава на ФСМ) во учебната 2020/2021 год., на прашањето под број 9 (табела бр.3) “*Колку редовно присуствувате на настава*” од вкупно 195 анкетирани студенти:

- 85 студенти присуствувале на настава од 80% - 100% ;
- 62 студенти присуствувале на настава од 60% - 80% ;
- 15 студенти посетувале настава од 40% - 60% ;
- 22 студенти посетувале настава од 20% - 40% ;
- 11 студенти доаѓале само на консултации (тоа се студенти од репрезентации-професионални спортисти кои играат во државата и надвор од неа).

- **Констатираме дека дури 75% од студентите на Факултетот за спортски менаџмент посетувале редовна настава во академската 2020/2021 год. која се одвиваше онлајн преку платформата Тимс;**

Забелешка: Кај последните двајца професори под реден број 6 и 7 (табела бр.3) треба да се напомене дека станува збор за визитинг професори кои држат настава на Факултетот за спортски менаџмент со по еден предмет и затоа бројот на пополнети анкети е во значително помал број и е само од редовните студенти кои го слушале тој предмет.

**6. Просечна оценка на студентите на секој поединечен наставник/соработник во академската 2020/2021:**

| Ред бр. | Име и Презиме на професорите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| 1 | *Проф. Д-р Магдалена Дамјановска* | 4.32 | 4.32 | 4.32 | 4.27 | 4.21 | 4.16 | 4.16 | 4.18 | **4.24** |
| 2 | *Проф. Д-р Александар Поповски* | 4.89 | 4.89 | 4.65 | 4.84 | 4.84 | 4.65 | 4.94 | 4.65 | **4.79** |
| 3 | *Проф. Д-р Лиза Пантековска* | 4.88 | 4.95 | 4.95 | 4.88 | 4.91 | 4.93 | 4.84 | 4.88 | **4.90** |
| 4 | *Проф. Д-р Весна Јованова Симева* | 4.83 | 4.83 | 4.62 | 4.70 | 4.79 | 4.75 | 4.79 | 4.50 | **4.72** |
| 5 | *Проф. Д-р Тања Китановска Стојковска* | 4.94 | 4.94 | 4.94 | 4.94 | 4.94 | 4.97 | 4.97 | 4.94 | **4.94** |
| 6 | *Проф. Д-р Мирослав Пендаровски* | 5 | 5 | 5 | 4.66 | 5 | 5 | 5 | 5 | **4.95** |
| 7 | *Проф. Д-р Маја Тимовска* | 4.62 | 4.75 | 4.5 | 4.62 | 4.62 | 4.87 | 4.87 | 4.62 | **4.68** |
| **ЗБИР** | НАСТАВЕН КАДАР | **4.78** | **4.81** | **4.71** | **4.70** | **4.75** | **4.76** | **4.79** | **4.68** | ***4.74*** |

Анализата на анкетите пополнети од страна на студентите ги формираат следните просечни оценки, кои се добиени на табела бр.1:

Во хоризонтала – по редови се пресметани оценките врз основа на сите предмети кои ги предавал соодветниот професор во зимскиот и летниот семестар за академската 2020/2021 година, за секое прашање поединечно.

Во вертикала – по колони го добивме ЗБИРОТ кој претставува просечна оценка на факултетот – целиот натавен кадар за секое прашање поединечно.

- Констатираме просечна оценка ОПШТО – 4.74;
- Констатираме, дека сите наставници имаат позитивна оценка од спроведената самоевалуација;
- Кадарот по однос на секое прашање поединечно има најниска оценка 4.68 – кај осмото прашање и 4.81 највисока кај второто прашање.

## Г. Предавања (2020/2021)

1. Методи на предавање на ниво на Факултетот за спортски менаџмент изразени во проценти :

| На ниво на Факултет | Тековна реализација (%) | Предвидено да се реализира (%) |
|---|---|---|
| Предавање ex катедра (учител како фигура на авторитет, стои во предниот дел на класот и држи предавања) | **38,51666** | 38,51666 |
| Интерактивни предавања (поставување прашања на час, доделување и проверка на домашната задача, или да има дискусија со целиот клас или со група) | 20,8833 | 20,8833 |
| Менторска настава (консултант-наставник, кој има одговорност за супервизија и надзор на студентите) | 7,67666 | 7,67666 |
| Лабораториски вежби | - | - |
| Семинарска работа ( подготовка и предавање на семинарска работа) | 7,18333 | 7,18333 |
| Работа на терен (им овозможува на студентите да се испитаат теории и практични искуства на одредена интерактивна дисциплина) | 15.4666 | 15.4666 |
| Проект на семестарот | 5 | 5 |
| Студија на случај (Во длабочината на истражување на одреден контекст) | 9,015 | 9,015 |
| Студентска тимска работа | 9,195 | 9,195 |

2. Реализација на наставата преку соработка за 2020/2021 (на пример, теренска работа, проекти, посети и други форми)

| | Тековно реализирани часови | Предвидено да се реализираат часови | Реализиран процент |
|---|---|---|---|
| Посета на индустриски компании | - | - | - |
| Теренска работа | 90 | 90 | 100% |
| Посети на владини институции | - | - | - |
| Посети на невладини институции | - | - | - |
| Посети на професионални организации | - | - | - |
| Посети на други форми | 10 | 10% | 100% |

3. Број на испити според начинот на верификација на знаењето 2020/2021

| Прв испит (I колоквиум) | | Втор испит (II колоквиум) | | Конечен испит (II колоквиум) | | Поправен испит | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| есеистички тип' на испит | 'тест тип' на испит | есеички тип | тест тип | есеистички тип' на испит | 'тест тип' на испит | есеистички тип' на испит | 'тест тип' на испит |
| 5 | 30 | 5 | 30 | 10 | 25 | - | - |

Според табелата бр.3 од Прилог Г, 5 предмети се полагале со есеички тип, додека останатите 25 од вкупно 35 биле тест тип. Таков е процентот што се однесува за првиот и вториот колоквиум. Во испитните сесии 10 од предметите се есеички, додека 25 од нив се со тест тип на проверка на знаењето.

## Д. Академски перформанси

1. Број на публикувани трудови на академскиот кадар во периодот 2019-2021год.

| | Број | Публикувани (П) или Непубликувани (НП) |
|---|---|---|
| Книги (монографии) | 1 | П |
| Скрипти | 2 | НП |
| Истражувачки статии | - | - |
| Статии објавени во списанија | 5 | П |
| Истражувачки статии на конференции | 9 | П |
| Учебници | 1 | П |
| Друго | - | 1 |

2. Учество во проекти во академската 2019 - 2021 год.

| Проекти | Национални | | Меѓународни | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Истражувачки | Апликативни | Истражувачки | Апликативни | Истражувачки | Апликативни |
| Проекти на ЕУ | | | | | | |
| Интеруниверзитетски проекти | | | | | | |
| Проекти на владата | | | | | | |
| Невладини проекти | | | | | | |
| Друго | | 1 | | | | 1 |

3. Вкупен број на учесници на конференции, симпозиуми, семинари во период 2019-2021

| | Национални | Меѓународни | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Конференции | / | 9 | 9 |
| Симпозиуми | / | / | / |
| Семинари/Панели | / | / | / |
| Вкупно | / | 9 | 9 |

4. Список на објавени трудови по наставници во периодот 2019-2021 год.

| **Автор (и)** | **Наслов** | **Списание (наслов, том, издание, страна)** |
|---|---|---|
| Gjuroska, E.,Pantekovska, L | Effects of climate change on tourism with special accent of some forms of sport tourism. | International magazine for social sciences “Vizione” 31/2018, Skopje, pp. 191 – 207 (indexed in EBSCO). |
| Pantekovska, L., Hiohi, K | Relations among socio –demographic characteristic of tourists and quality dimensions of outdoor sports activities in Struga region | IMCSM Proceedings, Volume XV, Issue 1/2019, Bor, Serbia, pp.287 -296 (indexed in EBSCO). |
| Kitanovska – Stojkovska, T., Pantekovska, L. | Motives of users towards fitness services and factors that influence the choice of fitness center- in the role of residents and tourists | International magazine for social sciences “ Vizione” 33/2019, Skopje, pp. 393-405 (indexed in EBSCO). |
| Pantekovska, L, Kitanovska S. | Assessment of motivation related to participation in outdoor sport tourism activities: through the example of students from Private High School “Yahya Kemal”-Struga“, | Knowledge International Journal, Vol. 35.6, p. 2129-2136, Bansko, 2019. |
| Kitanovska Stojkovska, T., Pantekovska, L., | Program activities through sport dances – animation and recreation“, | International journal „Knowledge“, Vol.35.6, p. 2167-2172, Bansko, 2019 |
| Pantekovska, L. Arsich, N. | Impact of sport leisure activities on local community: resident`s perception in the case of mountain resort Popova Shapka | Knowledge – International Journal, Vol.47.5, pp. 861-868, Struga, 2021 |
| Китановска Стојковска Т. | Conflict situations in sport clubs – municipality of stip | Vol. 49 No. 5 (2021): Knowledge in Practice |
| Поповски, Д., Поповски, А. | Академски пливачки ватерполо клуб Студент Скопје (1964-2017)/монографија | Датапонс, Скопје, 2018. (isbn 978-608-66146-0-7) |
| Kitanovska Stojkovska, T. Gjorgjiev, D., | Methodical approach management and modern assessment of sports activities for students at secondary schools | International journal „Knowledge“, Vol.31.2, June 2019 Skopje, pp.607-615. |
| Jovanova – Simeva, V. | The impact of education of tennis coaches on the success of tennis specific motor skills on tennis players up to the age of 12 | SPORT, HEALTH, ENVIRONMENT, Belgrade, 2018 pp. 93-98 |
| Jovanova – Simeva, V | The use of planning in sports organizations as a sports management function | International magazine for social sciences “VIZIONE” 31/2018, Skopje, pp. 207-220. |

| | | |
|---|---|---|
| Jovanova – Simeva, V | The control as a sport management function and its use by the operational managers in sport clubs". | "VIZIONE" 32/2019, Skopje, pp. 285-302. |
| Jovanova – Simeva, V | The structure of sport management in Macedonian sports clubs | 9th International Conference on Sports Science and Health , 15.03.2019, Banja Luka, pp. 67-76. |
| Jovanova – Simeva, V | Sports manager with leadership abilities | "VIZIONE" 33/2019, 15.06.2019, Skopje. pp. 419-428). |

**Комисија за спроведување на процесот на самоевалуација:**

____________________________________

Проф. д-р Тања Китановска Стојковска, претседател

____________________________________

Проф. д-р Магдалена Дамјановска, член

____________________________________

Проф. д-р Лиза Пантековска, член